Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

**П Р Е Д Л О Г**
**на Закон за дополнување на Законот за основање на Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија**

**Скопје, јануари 2011**

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за основање на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија (*Сл. весник на РМ, бр.*57/2010) се уредува основањето на Агенцијата, нејзините надлежности, организација и работење.

Владата на Република Македонија во однос на реформите на јавната администрација укажа на потребата поголем број закони да бидат усогласени со Законот за државни службеници, кој стапи на сила 23.03.2010 година.

Согласно Извадокот од Нацрт-записникот од 202-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 28.12.2010 година, Министерството за економија е задолжено да ги подготви и за седница на Владата да ги достави дополнувањата на Законот за основање на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија.

Министерството за економија пристапи кон реализација на обврската по Извадокот од Нацрт–записникот на Владата на Република Македонија и во консултации со МИО, МНР, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија и Секретаријатот за законодавство подготви Предлог на Закон за дополнување на Законот за основање на Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на предложениот закон е воведување реформи во јавната администрација и усогласување со Законот за државни службеници.
Законот, чие донесување се предлага, се заснова на истите начела на кои се заснова и основниот текст на законот.

Предложените измени на законот ги содржат следните решенија:

- се утврдува статусот на вработените во Агенцијата, на начин што тие добиваат статус на државни службеници,
- за вработени во Агенцијата кои вршат помошни и технички работи како и за економските промотори, се прецизира законскиот основ за утврдување на нивните права, должности и одговорности од работен однос.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог на Законот за дополнување на Законот за основање на Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложените дополнувања на Законот за основање на Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија не е потребно обезбедување финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ И ПРОМОЦИЈА НА ИЗВОЗОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### Член 1

По член 12 од Законот се додава нов член 12-а, кој гласи:

За вработените лица во Агенцијата, кои се државни службеници, во однос на правата, должностите и одговорностите од работен однос се применува Законот за државни службеници.

Вработените лица во Агенцијата кои вршат помошни и технички работи не се државни службеници и во однос на нивните права, должности и одговорности од работен однос се применува Законот за работни односи.

Економските промотори не се државни службеници и го задржуваат досегашниот статус, а во однос на нивните права, должности и одговорности од работен однос се применува Законот за организација и работа на органите за државната управа и Законот за надворешни работи.

### Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ И ПРОМОЦИЈА НА ИЗВОЗОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ

Предложеното дополнување е во насока на спроведување реформи во јавната администрација, со усогласување со Законот за државни службеници и други законски акти.

Со членот 1 се утврдува статусот на постојано вработените во Агенцијата, на начин што по различни законски основи е предвидено регулирањето на правата, должностите и одговорностите од работен однос

Членот 2 се однесува на влегувањето во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со дополнувањата на Законот не се предвидува измена на постоечки одредби на законот и предложените решенија со постојните одредби се меѓусебно поврзани.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предложеното дополнување на законот е во насока на подобрување на ефикасноста на државната администрација во Република Македонија.